Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 170/0306
17.10 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 27.09.2024 година, врз основа на примена жалба од новинарот **Насер Селмани** го донесе следново:

**МИСЛЕЊЕ**

**ЖАЛБАТА Е ОСНОВАНА**

Прилогот со наслов **„Се одржа главната расправа по тужбата за клевета и навреда против Насер Селмани“** објавен на емисијата Вести на ТВ Канал 5 на 05.09.2024 во 15:15 минути, отстапува од професионалните и етичките стандарди.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот Насер Селмани до Извршната канцеларија на СЕММ на 11.09.2024 г. упати жалба за медиумот Канал 5, за објавен прилог во емисијата Вести во врска со судски процес против него за навреда и клевета, со оценка дека медиумот го прекршил Кодексот на новинарите на Македонија (Кодекс) по неколку основи: неточно и нефер известување, незастапена втора страна, дискриминација, презумпција на невиност и пристрасност и неурамнотеженост при информирањето.

Притоа жалителот наведува:

**„Со ваквото необјективно и тенденциозно известување Кандал 5 брутално го крши етичкиот кодекс на новинарите од неколку причини. Прво, емитуваат прилог без да се праша втората страна, која во случајот е тужениот во судскиот процес. Со тоа телевизијата и управителот Иван Мирчевски, го злоупотребуваат медиумиот со цел да се пресметуваат со неистомисленици, доведувајќи ја јавноста во заблуда. Освен тоа, со прејудицирање на пресудата во прилогот, дека на не судот нема да му биде тешко да донесе одлука, брутално се крши принципот на презумпција на невиност и се врши притисок врз судот“**, се наведува во жалбата на Селмани.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата, потсетувајќи и на можноста случајот да се реши и по пат на медијација. Притоа детално беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои тој смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

Од медиумот во известување потпишано од директорот **Иван Мирчевски** одговорија:

**„Непочитувани,**

**убеден сум дека го знаете мојот став за вашата непрофесионална работа која апсолутно нема допирна точка со елементарна етика, а не пак со етика во медиуми. Нека повторно си ги артикулира своите “експертизи” кај своето другарче Дерала, на еден од неговите 198 портали (претерав нели ), кој исто така е тужен за клевета. За крај, вие сé уште као нешто постоите?“.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека објавениот прилог со наслов **„Се одржа главната расправа по тужбата за клевета и навреда против Насер Селмани“,** емитуван во емисијата Вести на ТВ Канал 5, на 05.09.2024 во 15:15 минути, отстапува од професионалните и етичките стандарди, при што е прекршен **Член 16** од Кодексот на новинарите на Македонија

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа оспорениот прилог, при што утврди дека станува збор за известување од судска постапка, за која постојат стандарди при известувањето и секако, уредничка и новинарска слобода, како и при секое известување.

Комисијата не можеше да го потврди наведувањето на жалителот за прејудицирање на судската пресуда и непочитување на презумпцијата на невиност.

Комисијата се согласи со тврдењето на жалителот дека постои еднострасност во известувањето, затоа што во прилогот беше застапен само адвокатот на тужителот. Сепак се наметна мислењето дека при емитувањето на краток новинарски извештај во емисија вести, минутажата е ограничена и од вкупните настани во денот за кои треба да се известува, па затоа, иако не е застапена втората страна, оцени дека во случајот тежината на прекршокот е во друг член од Кодексот.

Комисијата ценејќи ги сите елементи од објавениот прилог и фактот на кој медиум бил објавен, заклучи дека медиумот при известувањето ги прекршил професионаните и етичките стандарди опишани во членот 16 од Кодексот:

**Член 16**

**Новинарот ќе ги чува угледот и достоинството на својата професија, ќе ги поттикнува заемната солидарност и различност на ставовите и нема да го употреби својот медиум за пресметка со личности, вклучувајќи ги и своите колеги.**

Членовите на Комисијата, иако расправаа и за други членови од Кодексот, при што најчесто споменуван беше Членот 1 (за незастапената втора страна), сепак беа единствени дека „без дилема е прекршен **Членот 16“** и дека во овој случај, моќен медиум како што е телевизија со национална концесија за емитување, е злоупотребен за да се изрази сила и моќ од страна на тужителот во судскиот спор. За членовите на Комисијата е недвосмислено дека медиумот во дадениот случај е употребен за пресметка со други личности, вклучувајќи и свои колеги, односно новинар кој има различни ставови од оние на тужителот.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Димитар Мицев Зеријета Јајага, Снежана Трпевска, Жана Божиновска и Тамара Чаусидис.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595